6002 05-8854/130
10 сектор 10042

РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
УПРАВА НА ГРАД СКОПЈЕ
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
ИЗВОР: [redacted]
САМ.ИНСПЕКТОР: [redacted]
Ев.бр. 3371
2.12.1981 година
С К О П Ј Е

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С К О П Ј Е

ЛИЦА: 1. ПОО "ТАБАКЕРА II"

КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
СКОПЈЕ

| Примено: | 02 09 2011 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1695/2 | | |


И З В Е Ш Т А Ј

I - Извор: Соработник [redacted]. Состанокот е одржан на ден 2.12. 1981 година од 9,оо - 1о,оо часот во ресторантот "Јадран" по негова иницијатива.

Сознанијата се примени во усмена форма, оперативни трошоци 72 - динари.

II - Цел на состанокот и разговорот беше [redacted] да презентира поавтентични сознанија за истапот на ПОО [redacted] во бифето на РО "Вардар-филм" - Скопје.

III - Оперативни сознанија:

На ден 18.11.1981 година заедно со ПОО [redacted] присуствував на одбрана на магистерски труд на Филолошкиот факултет, а веднаш потоа по предлог на предметот во работа (околу 2о,оо часот) заминавме во бифето во РО "Вардар-филм" Скопје. Во моментот кога се сместувавме и кога [redacted] ме запознаваше со сопственикот на бифето ни пријде ПОО [redacted] во пијана состојба и без повод ни се обрати со зборовите: "Јас сум бугарофил кој има смелост тоа јавно да го признае неплашејќи се од јавноста",

а истовремено ми се обрати и мене, напоменувајќи дека сето тоа можам да и го пренесам на Службата.

По овој истап на [redacted] не реагираше, нити подоцна го коментираше случајот во бифето, туку само ме замоли да ги напуштиме просториите на "Вардар-филм" пред него што истапот прерасне во посериозен конфликт.

IV - Оперативни забелешки:

Мислам дека информацијата добиена од соработникот е точна и интересна за Службата но заради нејзина тежина ќе биде проверена и преку други извори кои по најразличен основ често престојуваат во истото бифе и имаат можност да ги идентификуваат сите присутни и по потреба да обават разговор и со сопственикот на бифето.

Што се однесува до документацијата на "случајот", сметам дека со таа мерка би го провалиле соработникот; кој постепено ги зацврстува својте позиции меѓу низа ПОО-а и интересни лица по национализам, либерализам и анархолиберализам со реални можности да биде примен и како вонреден професор или предавач на Филолошкиот факултет, а со тоа би добиле и поволна прилика да го инфилтрираме во средиштето на групацијата на ПОО [redacted]" и [redacted] како и во средината на ПОО [redacted].

За овакви и слични истапи на ПОО [redacted], најчесто под дејство на алкохол информираат и соработникот '[redacted]', како и "Драматург", а просторите во кои се движи предметот во работа се бифето на МНТ и она во РО "Вардар-филм"-Скопје.

Сметам дека во случајов за СДБ е знатно поинтересен мотивот заради кој ПОО [redacted] истапил од тие "позиции", точно пред ПОО [redacted] што сигурно не е случајно".

Во тој контекст ќе бидат ангажирани [redacted]" и "Драматург" заради проверка на добиеното сознание од соработникот "Мишо" како и заради осознавање на мотивот на овој истап.

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

ДОСТАВЕНО ДО:

- IV - сектор
- III- сектор
- Началник на УСДБ - Скопје

САМОСТОЕН ИНСПЕКТОР:
[redacted]

[redacted]